**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП**
**Су.бр.95/2023**
**27.11.2023 година**

Врз основа на член 88 од Законот за судовите и чл.17 од Судскиот деловник, Претседателот на Основен суд Прилеп Јасмина Шишковска Стојковиќ на ден 27.11.2023 година го утврди следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

## Член 1

Еден од елементите на кои се заснова системот на интегритет е спречувањето на судорот на интереси. Со овој Правилник се уредуваат мерките и активностите за спречување судир на интереси кај вработените во Основен суд Прилеп при извршување на работните обврски.

## Член 2

Цел на овој Правилник е препознавање и дефинирање на судирот на интереси заради негово идентификување, одредување на соодветен пристап при управувањето со истиот за да се избегне лошо управуван судир на интерес кој може да биде штетен за институцијата Основен суд Прилеп.

## Член 3

Секој вработен во Основен суд Прилеп е должен при извршувањето на работните обврски да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Вработените се должни да ги почитуваат законите, одлуките, правилата и процедурите, етичките норми и професионални стандарди кои се однесуваат на работите од надлежност на судот без дискриминација или повластување на било кого и со целосно почитување на интегритетот на институцијата.

## Член 4

Судир на интерес постои кога лицето вработено во Основен суд Прилеп има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасноста при извршувањето на работните задачи, овластувања и професионални должности.

Судирот на интереси може да биде:

- **Фактички** и истиот вклучува директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности на службеното лице и неговите постојни приватни интереси.
- **Видлив,** кој се однесува на ситуации каде постои личен интерес кој разумно од страна на другите би можело да се смета дека влијае на извршувањето на

должностите на овластеното лице иако всушност не мора да постои такво несоодветно влијание.

- **Потенцијален** судир на интереси постои кога службеното лице има приватен интерес што би мо́кел да биде во судир со неговата должност во иднина.

**Член 5**

Вработените во Основен суд Прилеп се должни во своето работење да внимаваат на потенцијален судир на интереси и во случај на сомневање да превземаат мерки за спречување на влијанието на својот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на своите службени овластувања и обврски. Во случај на сомневање на постоење на судор на интереси, вработениот го информира својот претпоставен судски службеник или Претседателот на судот.

**Член 6**

Секој вработен кој при извршувањто на своите работни обврски се најде во ситуација да одлучува или да учествува во донесување на одлука, спроведување на постапка или врши други работи за кои тој или негово блиско лице има приватен интерес, должно е да запре со своето постапување, да го пријави постоењето на приватниот интерес и веднаш да побара да биде изземен од претпоставениот судски службеник или Претседателот на судот.

**Член 7**

Прикривањето на постоење приватен интерес и постапувањето спротивно на одредбите кои го уредуваат управувањето со судир на интереси претставува повреда на должноста и основа за поведувањена постапка за утврдување на одговорност согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Член 10

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Претседател,
Јасмина Шишковска Стојковиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
28
ПРИЛЕП